Врз основа на член 39 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002год.) и член 33 од Деловникот на Советот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 2/06), Претседателот на Советот на Општина Свети Николе на ден 06.07.2018 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на петнаесеттата редовна седница на**
**Советот на Општина Свети Николе**

Петнаесеттата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе ќе се **одржи на ден 12.07. 2018 година (четврток) со почеток во 19:00 часот** во малата сала на Општина Свети Николе.

За седницата го предлагам следниот

**Д н е в е н р е д**

-Усвојување на Записник од четиринаесеттата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 20. 06. 2018 година;

**Точка 1**
Предлог – Одлука за утврдување на приоритет на проект “Основен проект за изградба на пешачка патека во Општина Свети Николе ”.

**Точка 2**
Предлог – Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата“Основен проект за изградба на пешачка патека во Општина Свети Николе ”.

**Точка 3**
Предлог – Одлука за утврдување на приоритет на проект “Основен проект за изградба на улици во рурална средина – с.Црнилиште ”;

**Точка 4**
Предлог – Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата“Основен проект за изградба на улици во рурална средина – с.Црнилиште ”;

**Точка 5**
Предлог – Одлука за утврдување на приоритет на проект “Основен проект за реконструкција на локален пат од надпатник на автопат до с.Ерџелија КО Амзабегово,КО Ерџелија – Општина Свети Николе ”.

**Точка 6**
Предлог – Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата“Основен проект за реконструкција на локален пат од надпатник на автопат до с.Ерџелија КО Амзабегово,КО Ерџелија – Општина Свети Николе ”.

**Точка 7**

Годишен план за вработување на ЈП ,,Погребални услуги,, Свети Николе за 2018 година;

**Точка 8**

Барање од Секторот за урбанизам за КП бр. 8469/2 на ул.,,Младинска,, бр. 83;

**Точка 9**

Барање од Секторот за урбанизам за КП бр. 8627 на ул.,,29 Ноември,, бр. 25;

**Точка 10**

Барање од Секторот за урбанизам за КП бр. 11690 на ул.,,Питу Гули,, бр. 16;

**Точка 11**

Квартален извештај за извршувањето на Буџетот за Општина Свети Николе за извештајниот период (комулативно) за квартал втор од 01.01. 2018 година до 30.06.2018 година;

**Точка 12**

Извештај за реализација на Општина Свети Николе за втор квартал за 2018 година;

**Точка 13**

Квартален извештај за достасани ненамирени обврски – збирен за ВТОР квартал;

**Точка 14**

Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријаиија основани од општините;

**Точка 15**

Предлог – Одлука за давање согласност на Статутарната одлука за измена на Статут бр. 0101-587/3 од 21.11. 2014 година на ЈКП ,,Комуналец,, Свети Николе;

**Точка 16**

Предлог – Одлука за давање согласност на Одлука за усвојување на пречистен текст на Статутот на ЈКП ,,Комуналец,, Свети Николе;

**Точка 17**

Предлог – Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување на цени за извршени услуги за правни и физички лица од страна на ЈКП ,,Комуналец,, Свети Николе;

**Бр. 0801- 172**
**06.07. 2018 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире Алексов с.р.**